„ПРАВИЛА И УСЛОВИ“ НА УСЛУГАТА „АВТОМАТСКО ПРИЈАВУВАЊЕ“

Со купувањето на услугата „Автоматско пријавување“ потврдувате и се согласувате дека важечките „Правила и услови“ важат за Вас и патниците во Вашата резервација.

**1. ТОЛКУВАЊЕ**

1.1. Поимите и изразите дефинирани во Општите услови за превоз на Wizz Air го имаат истото значење кога се користат во овие Одредби и услови освен ако не е одредено подолу или контекстот бара поинакво значење.

1.2. Дефиниции „Општи услови на превоз“ се однесува на општите услови на превоз на Wizz Air Hungary Ltd и/или Wizz Air UK Ltd, во зависност од летот за кој е купена услугата „Автоматско пријавување“, како што се објавени на веб-страницата и одвреме-навреме дополнувани од соодветен ентитет на Wizz Air.

1.3. ВИЕ или ЛИЦЕ КОЕ РЕЗЕРВИРА се однесува на поединец на возраст од најмалку 18 години со полномоштво за целосно правно застапување или правно лице коешто дејствува како застапник на патникот и резервира во негово/нејзино име и/или во име на други патници и коешто ги презема обврските наведени во Клаузулите 6.1.4 - 6.1.7. од „Општите услови на превоз“. Лицето кое резеривра може да биде и секој поединец или компанија што ја плаќа вкупната цена како што е наведено во планот на патување на патникот и туристичките агенции.

1.4. Услугата „Автоматско пријавување“ или „Автоматско пријавување“ се однесува на услугата што ја нудиме согласно важечките „Правила и услови“, со што Вие и патниците во Вашата резервација стекнувате право на автоматско пријавување за летот со плаќање такса за „Автоматско пријавување“.

**2. УСЛУГА „АВТОМАТСКО ПРИЈАВУВАЊЕ“**

2.1. Услугата „Автоматско пријавување“ може да се купи на веб-страницата или преку апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air при резервирањето на Вашиот лет, а може и да се додаде на постоечка резервација 4 часа пред закажаното време на поаѓање на летот. За да се избегнат недоразбирања, „Закажано време на поаѓање“ се однесува на информацијата за времето на поаѓање на летот што сте ја добиле при резервирањето или подоцна, од Wizz Air, поради промени во распоредот. Доцнењата не се сметаат за промена во распоредот. Со други зборови, купувањто на услугата „Автоматско пријавување“ мора да се заврши (односно, плаќањето за услугата мора да се заврши) 4 часа пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет.

2.2. Услугата „Автоматско пријавување“ може да се купи на следниве начини:

- може да се додаде во цената на превоз Basic или WIZZ GO при резервирањето на Вашиот лет или на Вашата постоечка резервација или

- може да се купи како дел од WIZZ Plus (WIZZ Plus ја опфаќа услугата). Имајте предвид дека ако купите WIZZ Plus во периодот од 4 часа пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет, услугата „Автоматско пријавување“ нема да биде опфатена во WIZZ Plus.

2.3. Ако изберете „Автоматско пријавување“, ќе се примени на сите летови и сите патници во резервацијата, а таксата за услугата ќе се пресмета согласно бројот на патниците и летовите.

2.4. Имајте предвид дека за успешно пријавување преку услугата „Автоматско пријавување“, треба да се наведат следниве податоци:

- деталите за Вашите и патничките документи на сите сопатници (освен ако патувате од место на поаѓање во зоната Шенген до место на пристигнување во зоната Шенген);

- телефонски број за контакт ако патувате од место на поаѓање во зоната Шенген до место на пристигнување во зоната Шенген.

2.5. Со купената услуга „Автоматско пријавување“, постапката на пријавување за летот за Вас и патниците во Вашата резервација автоматски ќе се случи 50 часа пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет ако сте ги обезбедиле потребните податоци (согласно Клаузулата 2.4. од важечките „Правила и услови“). Податоците наведени во Клаузула 2.4. може да ги обезбедите најдоцна 4 часа пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет за да се пријавите преку услугата „Автоматско пријавување“ и на тој начин да ја искористите услугата.

2.6. Откако Вие и патниците во Вашата резервација ќе се пријавите за летот, ќе ги добиете картите за влегување во авионот согласно следново:

- за резервации со најмногу 10 патници, картите за влегување во авионот ќе Ви се испратат Вам преку е-пошта на адресата на е-пошта наведена на Вашата сметка на WIZZ;

- за резервации со повеќе од 10 патници (групни резервации) (деталите може да ги најдете тука: https://wizzair.com/mk-mk/informacii-i-uslugi/informacii-za-rezerviranje/grupni-rezervacii/pravila-i-uslovi ), картите за влегување во авионот ќе бидат достапни и ќе може да се преземат од сметката на WIZZ на лицето коешто резервирало;

- за резервации извршени преку туристички агенции, картите за влегување во авионот за патниците ќе бидат достапни и ќе може да се преземат од сметката на WIZZ на туристичката агенција.

2.7. Услугата „Автоматско пријавување“ може да се купи само за летовите за коишто е дозволено пријавување на интернет на аеродромот на поаѓање. Список со аеродромите на коишто е достапно пријавување на интернет може да најдете тука: https://wizzair.com/mk-mk/informacii-i-uslugi/informacii-za-rezerviranje/prijavuvanje-i-vleguvanje-vo-avionot

2.8. Ако по купувањето на услугата „Автоматско пријавување“ сте додале дополнителни услуги на Вашата постоечка резервација или сте извршиле промени поврзани со постоечката резервација, автоматски ќе Ви се испрати нова (ажурирана) карта за влегување во авионот согласно Клаузула 2.6. од важечките „Правила и услови“.

2.8.1. Ако ја промените Вашата резервација, ќе Ви се испрати новата карта за влегување во авионот согласно Клаузула 2.6. од важечките „Правила и услови“ откако ќе заврши промената на Вашата резервација, под услов новиот аеродром на поаѓање (аеродромот што сте го избрале како ново место на поаѓање) да прифаќа и дозволува пријавување на интернет.

2.9. Услугата „Автоматско пријавување“ се нуди ако е достапна.

2.10. Услугата е достапна само за резервации преку wizzair.com или апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air.

## 3. ТАКСА ЗА „АВТОМАТСКО ПРИЈАВУВАЊЕ“

3.1. За услугата „Автоматско пријавување“ се плаќа такса по лет по патник во резервацијата.

3.2. Можност за поврат на платените средства

3.1.1. Таксата за „Автоматско пријавување“ може да се врати во следниве случаи:

- ако Wizz Air го откажал Вашиот лет;

- ако ја откажете Вашата резервација повеќе од 14 дена пред закажаното време на поаѓање на летот;

- ако, од одредени причини, износот платен за летот треба да Ви се врати согласно „Општите правила на превоз“.

3.1.2. Ситуациите коишто не се јасно наведени во Клаузулата 3.1.1. од важечките „Правила и услови“, таксата за услугата „Автоматско пријавување“ не може да се врати.

За да се избегнат недоразбирања:

- не може да се бара поврат на таксата за „Автоматско пријавување“ ако ја откажете Вашата резервација во периодот од 14 дена пред закажаниот датум на поаѓање Вашиот лет;

- не може да се бара поврат на таксата за „Автоматско пријавување“ ако рачно сте извршиле пријавување за летот за Вас и патниците во Вашата резервација;

- не може да се бара поврат на таксата за „Автоматско пријавување“ ако податоците наведени во Клаузула 2.4. не сте ги обезбедиле најдоцна 4 часа пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет.

3.3. Таксата за „Автоматско пријавување“ ќе се пресметува во валутата на цената на превоз или пакетот, односно валутата на местото на поаѓање, освен ако е назначена друга валута во моментот на или пред плаќањето или ако изберете да платите во друга валута. Фактурата се издава во валутата на местото на поаѓање.

3.4. Цените наведени во дадена валута на нашата веб-страница или апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air важат само ако тоа е валутата на местото на поаѓање на избраниот лет како што е дефинирано од Wizz Air. Ако изберете да платите во друга валута, ние ќе ја извршиме конверзијата на цената.

**4. РАЗНО**

5.1. Wizz Air го задржува правото на ограничување на достапноста на услугата „Автоматско пријавување“.

5.2. Во однос на личните податоци наведени при купувањето на услугата „Автоматско пријавување“, важат соодветните закони за заштита на податоци во врска со наведените лични податоци. Нашата „Политика за приватност“ е достапна на нашата веб-страница.

5.3. Освен ако е поинаку наведено во задолжителните одредби на дадениот важечки закон, овие „Правила и услови“ се регулираат со законите во Унгарија. Секаков спор меѓу Вас и нас во врска со услугава на кој било начин ќе подлежи на неексклузивната надлежност на судовите на Унгарија. „Неексклузивна надлежност“ значи дека може да поднесете жалба против нас во судска надлежност надвор од судовите на Унгарија.

1 декември 2019
година